[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 05-09-2024 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 - | 1021 | | |

**До: Општина Битола**

**Б А Р А Њ Е**
**за пристап до информации од јавен карактер**

[redacted]

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот барам да ни ги достави следните информации од јавен карактер за постапката за јавна набавка на Реконструкција на крстосница на ул.„Прилепска“ со ул.„Баталјон Стив Наумов“ (Ветеринарна станица) со број 02790/2023 и тоа:

1. Доставете ни го завршниот извештај од надзорот над Реконструкција на крстосница на ул.„Прилепска“ со ул.„Баталјон Стив Наумов“?

2. Дали и какви недостатоци се утврдени по реализацијата на договорот?

3. Дали е барано од економскиот оператор да ги коригира констатираните пропусти во реконструкцијата на крстосница на ул.„Прилепска“ со ул.„Баталјон Стив Наумов“ и во кој рок се тие реализирани?

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:
- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго------------------------------------------------------------------------

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго------------------------------------------------------------------------

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Датум и место:
02.09.2024

[redacted]

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Одделение за комунални дејности
и уредување на градежно земјиште

Бр.11-102/2

05.09.2024

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-102/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Евгенија Чукалева

Примил! 16.09.2024

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 24.09.2024 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 102/3 | | |

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште**

Одделение за комунални дејности и уредување на градежно земјиште

**Бр.32-123/9 од 20.09.2024г.**

**До Одделение за административни и општи работи**

**Предмет: Известување**

Почитувани,

Во врска со доставеното барање бр.11-102/2 од 05.09.2024. за пристап до информации од јавен карактер ве известувам дека:

- **Изведувач** на проектната документација „Употреба и одржување на коловоз за крстосница на ул.„Прилепска“ со ул.„Баталјон Стив Наумов“ (кружен тек) во Битола“ – Општина Битола е **„Јоска Транс Трејд“ ДООЕЛ Демир Хисар**, по договор склучен со Општина Битола 08-409/1 од 07.04.2023.
- **Надзор** на изведбата „Употреба и одржување на коловоз за крстосница на ул.„Прилепска“ со ул.„Баталјон Стив Наумов“ (кружен тек) во Битола“ – Општина Битола е **Завод за испитување на материјали и развој на нови технологии СКОПЈЕ АД Скопје** по договор склучен со Општина Битола 08-268/1-4/1 од 10.03.2023.

- Вредноста на договорот изнесува **11.797.640,00** денари заведен под број 08-409/1 од 07.04.2023
- Вредноста на Анекс на договорот изнесува **2.294.683,00** денари заведен под бр.08-409/2 од 19.12.2024.
- Во врска со прашањето кога се евидентирани недостатоци и дали тоа е соодветно евидентирано,
    - **Во прилог ви доставуваме ЗАПИСНИК ОД ИЗВРШЕН ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД**
    - **Во смисла на прашањето какви недостатоци беа утврдени во реализацијата на договорот треба да се знае дека при асфалтирањето на вториот слој од страна на надзорот се дадени забелешки до изведувачот за квалитетот на асфалтирањето. Се утврди дека треба целосно повторно да се асфалтира вториот слој на кружниот тек.**
    - **Бидејќи се влезе во период кога се влоши временската состојба и не беше поволно за асфалтирање, беше договорено да се преасфалтира кога за тоа ќе се створат поволни временски услови.**

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 334 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

- **Во моментот кога се работеше раскрсницата беше цело време под сообраќај бидејќи паралелно со неа беше блокирана другата паралелна улица на која работеше „Топлификација“.**

- **Втората времена и завршна ситуација му се исплати на изведувачот одкако го преасфалтира целосно вториот слој на кружниот тек, односно ги отклони сите недостатоци претходно евидентирани од надзорот.**

- **Преасфалтирањето на кружниот тек целосно падна на терет на изведувачот**

Со почит,

Раководител на одделение:

Марјана Спасевска

Координатор:

Владимир Јовевски, диа

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

ОПШТИНА БИТОЛА
Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи
Одделение за административни и општи работи

Бр.11-102/4
24.09.2024

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted], поднесено на **05.09.2024 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted] по барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-102** од **05.09.2024 година**, каде бара информација за извештај од надзорот над Реконструкција на крстосница на ул.Прилепска со ул.Баталјон Стив Наумов, недостатоци и корекција на истите.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот [redacted] поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под број 11-102 на ден 05.09.2024 година. Во барањето наведе дека каде бара информација за извештај од надзорот над Реконструкција на крстосница на ул.Прилепска со ул.Баталјон Стив Наумов, недостатоци и корекција на истите..Врз основа на Барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1.Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-102/1 од 05.09.2024.
2.Допис до Одделение за комунални дејности со бр. 11-102/2 од 05.09.2024.
3.Одговор од Одделение за комунални дејности со бр. 11-102/3 од 24.09.2024.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 24.09.2024 година, под бр. 11-102/4.

**Службенено лице за посредување при остварување
на правото на слободен пристап
до информации од јавен карактер**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА БИТОЛА

**Емилија Илиевска**